# СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**2292.**

Врз основа на член 127 став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 65/13, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 101/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16) и член 21 став 1 алинеја 21 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, Собранието на Стоматолошката комора на Македонија на седницата одржана на 28.3.2017 година донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА ОБУКА И ПРОВЕРКА НА СТРУЧНИТЕ ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ОД ОБЛАСТА НА СТОМАТОЛОГИЈАТА, СОСТАВОТ НА ИСПИТНАТА КОМИСИЈА И НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОВЕРКАТА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува програмата за дополнителна обука и проверката на стручните знаења и способности на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата (во натамошниот текст доктори на стоматологија), составот на испитната комисија и начинот на спроведување на проверката.

### II. ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА ОБУКА

Член 2

Во текот на дополнителната обука за стекнување со лиценца за работа докторите на стоматологија ја поминуваат следната обука:

**1. Примарна стоматолошка здравствена заштита:**

Знаења и клинички вештини за: патологијата на тврдите забни ткива, патологијата на забната пулпа и пародонтот; современи реставративни материјали; гингивална и пародонтална болест,орална патологија,дентогено условен фокален синдром; изработка на тотални и парцијални протези и упатства за нивно користење и одржување, изработка на дентални коронки и мостови; плексус, спроводна и општа анестестезија, инструменти, техника на екстракција на заби, компликаци и нивно решавање, екстракција кај болни со општи заболувања и глосити (акутни, хронични и вродени); терапија на кариесот и компликациите на кариесот кај млечни и млади трајни заби, трауматски повреди на забите и потпорниот апарат на забите, интерцептивни ортодонски интервенции, примарни превентивни мерки за одржување на оралното здравје.

**2. Болести на устата и пародонтот**

Знаења и клнички вештини за гингивалната и пародонталната болест; за оралната патологија и медицина (вирусни стоматити, автозна болест, дерматози, психосоматски условени афекции, микотични заболувања, специфични заболувања, хејлити, глосити, крвни заболувања, орални промени, преканцерозни состојби, промени во сектецијата на плунката); знаења и клинички вештини за дентогено условениот фокален синдром.

**3. Болести на забите и ендодонтот**

Знаења и клинички вештини за: дијагностицирање на заболувањата на тврдите забни ткива; видови на заболувања на тврдите забни ткива и нивна терапија; акутни пулпити, хронични пулпити, терапија на пулпитните заболувања (витална и мортална); дијагностицирање на видовите на гангренозно распаднато пулпино ткиво и терапија на истото; некроза, некробиоза и нивна терапија; видови на парадонтити и нивна терапија.

**4. Мобилна стоматолошка протетика**

Тотална протеза:

Знаења и клинички вештини за: анатомија и физиологија на ОФС, стоматолошка антропологија, артикулатори и лицев лак, промени после тотално губење на забите; дијагноза, планирање, подготовки и терапија на тотална беззабност, отпечатоци, меѓувилични соодноси, избирање, поставување на заби и оклузални шеми кај тотални протези, предавање на протези на упатства за користење и одржување на протезите, проблеми поврзани со предавањето на тоталните протези; имедијатни и единечни тотални протези; лабараториски постапки и репаратури.

Парцијални протези:

Знаења и клинички вештини за: биолошки супстрат кај парцијална беззабност; промени во стоматогнатниот систем по делумно губење на забите; класификација на парцијална беззабност и парцијални протези; делови на парцијална протеза, облици на базата на горна и долна парцијална протеза; дентален дел на парцијалната протеза (средства за ретанција, стабилизација и дентално пренесување на цвакопритисокот); пароледометрија и фрезирање; современи средства за ретенција на парцијална протеза; клинички постапки за изработка на парцијални протези (анамнеза, преглед, подготовка, отпечатоци, определување на вилични соодноси, избор и поставување на заби, проба на поставените заби, лабараториски процедури, предавање на парцијални протези, упатства за користење и продолжување на парцијалните протези); репаратури кај парцијалните протези; субтотални и покривни протези.

**5.Фиксна протетика**

Вештачки коронки:

Знаења и клинички вештини за: подготовка на усната празнина за лекување на дефектите на забните низови, едноделно леани коронки, естетски коронки, фасетирани со керамички маси, неметални коронки, двојни или телескопски коронки, систем на телескоп коронки, пни коронки-штифт коронки, леани надградби, наменски или атипични коронки, синтер коронки, Вита-ин царам, таргис - систем, вектрис-систем, арглас неметални коронки, експрес систем; препарација на коронки, видови демаркациони линии, прибор за препарација, форми за забно трупче, видови за заштита на препариран заб, улога на заштитните коронки.

Дентални мостови:

Знаења и клинички вештини за: дентални мостови-дефиниција основни појмови; составни делови на мост, индикација за изработка на мостови, контра индикација за изработка на мостовни конструкции, улога на мост, услови за изработка на мост, предности и недостатоци на мостовни конструкции, поделба на мостовите, промени на лигавицата под телото на мостот, препарација на заби за изработка на мост (акрилатни, метал керамички), подготовка на гингивален сулкус за земање на отпечаток, отпечатоци за изработка на фиксно протетички конструкции, методи за отпечатување, акрилатни фасетирани мостовни конструкции, метал

керамички мостовни конструкции, симнување и демонтирање на стари мостовни конструкции, компликации кај мостовни конструкции, фасетирање на мостови со композитни маси, диференцијална индикација помеѓу фиксни и мобилни делумни надоместоци, циркуларни мостови, крилен, висечки, апендикс мост и екстензионен мост.

**6. Ортодонција**

Знаења и клинички вештини за: превентивни мерки во пренеталниот период, превентивни мерки во период на доенче и детство, рана дијагноза и интерцептивни мерки за рано отстранување на неправилности на поедини заби и дентални лекови, неправилности во сагитала (малоклузија и, лл/1, лл/2 и ллл класа по Англе, неправилности во вертикала (отворен и длабок загриз, латерооклузија), неправилности во трансферзала (вкрстен загриз, латерооклузија), тимска соработка со специјалисти од другите стоматолошки специјалности.

**7. Орална хирургија**

Знаења и клинички вештини за: плексус анестезија во горна и долна вилица, спроведена анастезија во горна и долна вилица, рауш наркоза, средства за локална и површинска анестезија, компликации од општа и локална анестезија, синкопа, колапс, анафилактичен шок; дезинфекција, стерилизација; типични екстракции на забите, атипични екстракции на забите, типични екстракции на забите, компликации при екстракции на заби, синус аперта, радикс ин антро, луксацио мандибулае, хематом, емфизем; хируршко-ортодонтски третман на импактирани заби; хируршки методи како помош на терапијата на хроничните периодонтити, клинички форми на А.О.И. (Акутна одонтогена инфекција), општа и локална терапија А.О.И., одонтогени и неодонтогени цисти, реимплантација, трансплантација и имплантација на заби, предпротетски хируршки интервенции на меките и на коскените делови на вилиците, видови на крварење, нормална хемостаза, вештачка хемостаза (хемиска, биолошка, механичка и физичка метода), орално хируршки интервенции при болни со хеморагичен синдром.

**8. Детска и превентивна стоматологија**

Знаења и клинички вештини за: изведување на стоматолошки интервенции кај децата; аномалии во развојот на забите; кариес на млечни заби; кариес на млади трајни заби; ендодонтски третман на млади и трајни заби; материјали за реставрација во детската стоматологија; орално-хируршки интервенции во детска возраст; трауматски повреди (фрактури на млечни и трајни заби, повреди на потпорниот апарат на забите, повреди на меките ткива).

**9. Превентивна стоматологија**

Поделба на превентивната стоматологија; дентален плак и неговата улога во настанување на забниот кариес; развој на кариозна лезија (иницијална кариозна лезија); механичка и хемиска контрола на денталниот плак; улога на флуоридите во превентивата на забниот кариес (ендогена и егзогена флуор профилакса); залевање на јамички и фисури; одредување на кариес ризик кај пациентот; влијание на храната кај забите во развој и забите во функција; интерцептивни ортодонтски интервенции; мотивација на децата како фактор за одржување на оралното здравје.

**10. Максилофацијална хирургија**

Знаења и клинички вештини за: подготовка на пациенти со компромитирано општо здравје; превенција и менаџмент на ургентни состојби; основни принципи во хирургијата; зараснување на рана; принципи на асепса; постоперативна контрола на пациентот (контрола на постеоперативното крварење, едем, тризмус, орална хигиена, контрола на болка, контрола на инфекција); превенција и менаџмент на хируршките компликации, компликации настанати за време на интервенцијата, компликации постоперативни; одонтогени инфекции - комплексни одонтогени инфекции (фегмони во лицевите ложи, флегмони во вратните ложи, компликации при флегмони), одонтогени заболувања на максиларниот синус; заболувања на плунковните жлезди; орални лезии; диференцијална дијагноза, биопсија, видови на биопсија; малигни заболувања во оралната празнина; дијагностички процедури (УС, КТ.МРИ,); повреди на меките ткива и дентоалвеоларниот комплекс; повреда на лицевите коски; ТМЗ и МБДС, Физиологија на болка, Д.Д. на болни состојби. Класификација на ТМЗ пореметувања.

Член 3

(1) Дополнителната обука, согласно програмата од член 2 од овој правилник, за докторот на стоматологија на кој времено му е продолжена лиценцата за работа во траење до шест месеци, изнесува еден месец и се спроведува од страна на едукатор со академско звање.

(2) Дополнителната обука, согласно програмата од член 2 од овој правилник за докторот на стоматологија на кој привремено му е одземена лиценцата за работа во траење од шест месеци до една година, изнесува три месеци и се спроведува од страна на едукатор со академско звање.

(3) Дополнителната обука, согласно програмата од член 2 од овој правилник, за докторот на стоматологија на кој времено му е одземена лиценцата за работа во траење од една до две години, изнесува шест месеци и се спроведува од страна на едукатор со академско звање.

(4) Дополнителната обука, согласно програмата од член 2 од овој правилник, за докторот на стоматологија на кој времено му е одземена лиценцата за работа во траење од две години до седум години, изнесува девет месеци и се спроведува од страна на едукатор со академско звање.

## III. СОСТАВ НА ИСПИТНА КОМИСИЈА

Член 4

(1) Проверката по пат на испит на стручните знаења и способности ја спроведува испитна комисија формирана од претседателот на Комората (во натамошниот текст: Испитна комисија).

(2) Членовите на Испитната комисија, се избираат од претходно утврдена листа на испитувачи која на крајот од годината за наредната година ја утврдува Извршниот одобор на Комората.

Член 5

Испитната комисија се состои од три членови од областа за која се однесува лиценцата за работа.

Член 6

(1) Во одлуката за формирање на Испитните комисии се содржани податоци за претседателот, членовите и записничарот на Испитната комисија.

(2) Во една сесија може да се формираат повеќе Испитни комисии во зависност од бројот на пријавени кандидати.

## IV.НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОВЕРКАТА НА СТРУЧНИТЕ ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ НА ДОКТОРИТЕ ПО СТОМАТОЛОГИЈА НА КОИ ПРИВРЕМЕНО ИМ Е ОДЗЕМЕНА ЛИЦЕНЦАТА ЗА РАБОТА И ДОКТОРИТЕ ПО СТОМАТОЛОГИЈА НА КОИ ПРИВРЕМЕНО ИМ Е ПРОДОЛЖЕНА ЛИЦЕНЦАТА ЗА РАБОТА

Член 7

Докторот на стоматологија на кој му е привремено одземена лиценцата за работа како и докторот на стоматологија на кој привремено му е продолжена лиценцата за работа може повторно да се стекне со лиценца за работа ако успешно ја заврши програмата за дополнителна обука и проверката на стручните знаења и способности пред Испитната комисија.

Член 8

(1) Докторот на стоматологија поднесува барање за полагање до Испитната комисија и приложува решение за времено одземање на лиценцата за работа, односно решение за привремено продолжување на важноста на лиценцата за работа и фотокопија од извршена уплата за полагање на проверката на стручните знаења и способности.

(2) Образецот на барањето од став 1 на овој член е даден во прилог бр. 1 и е составен дел на овој правилник.

Член 9

(1) Испитната комисија го одобрува полагањето на испитот за проверка на стручните знаења и способности ако утврди дека кандидатот успешно ја поминал програмата за дополнителна обука и ако ја приложи документацијата од член 8 од овој правилник.

(2) Известувањето за одобрување на полагање испит и за времето и местото на полагањето се доставува до кандидатот најмалку 15 дена пред денот определен за полагање на испитот. На ист начин се доставува и известувањето со кое на кандидатот не му се одобрува полагање на испитот, во кое задолжително се наведуваат и причините за одбивањето.

(3) До Испитната комисија се доставува листа на идентификациони броеви на кандидатите кои го полагаат испитот.

Член 10

(1) Кандидатот го полага испитот во време и на место кое го определува Испитната комисија.

(2) На барање на кандидатот, испитот може да се одложи поради оправдани причини (болест, породилно отсуство и повик од надлежни органи).

Член 11

(1) Испитот се состои од писмен и практичен дел.

(2) Писмениот дел од испитот се спроведува преку писмен метод на прашања со избор на точен/неточен одговор од предложените можни одговори.

(3) Практичниот дел од испитот се спроведува со практична проверка на вештините.

Член 12

(1) За текот на испитот за проверка на знаењата се води записник.

(2) Образецот на записникот од став 1 на овој член е даден во прилог бр. 2 и е составен дел на овој правилник.

Член 13

(1) Испитот се смета за положен ако Испитната комисија оценила дека кандидатот ги положил двата дела.

(2) По завршувањето на испитот, претседателот на Испитната комисија во присуство на кандидатот го известува за резултатот од проверката на стручните знаења и способности.

Член 14

Кандидатот кој не ја поминал проверката на стручните знаења и способности може повторно да го полага испитот во рок не подолг од шест месеци, но не порано од два месеца.

Член 15

(1) На кандидатот кој го положил испитот му се издава уверение за положен испит за дополнителна проверка на стручните знаења и способности.

(2) Уверението за положен испит од став 1 на овој член содржи: „Република Македонија“; под него: „Стоматолошка комора на Македонија“; а под него лево место за: број, дата и место; под него стои текстот “Врз основа на член 15 од Правилникот за програмата за дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности на докторите на стоматологија за стекнување со лиценца за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр.......) Стоматолошката комора на Македонија го издава следното:" под него во средина стои текст: “Уверение”; под него место за впишување на име, татково име и презиме на докторот по стоматологија; па следи: роден-а ден, месец, година и место на раѓање, “општина “ со простор впишување на податоци; па следи "Република" па следи ден, месец и година со простор на впишување на податоците и текстот;" полагаше испит за проверка на стручните знаења и способности пред испитна комисија при Стоматолошката комора на Македонија". Под него во нов ред стои „Според оценката на испитната комисија“ со празен простор за име, татково име и презиме на докторот и текстот: "го положи испит за проверка на стручните знаења и способности"; долу лево стои текстот “Претседател на Испитната комисија“ и под тоа празен простор за потпис на претседателот на комисијата; а долу десно стои "Претседател на Комората" и под него празен простор за потпис на претседателот на Комората.

(3) Уверението се издава во три примероци од кои еден примерок се врачува на кандидатот кој го положил испитот.

(4) Образецот на уверението од став 1 на овој член е даден во прилог бр. 3 и е составен дел на овој правилник.

Член 16

Во Комората се води евиденција за полагањето и резултатите од испитите за проверка на стручните знаења и способности и за издадените уверенија.

## V. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОВЕРКАТА НА СТРУЧНИТЕ ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ НА ДОКТОРИТЕ НА СТОМАТОЛОГИЈА-СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА

Член 17

(1) Проверката на стручните знаења и способности на докторот на стоматологија-странски државјанин, како и начинот на спроведување на проверката се врши на ист начин како и за докторите на стоматологија државјани на Република Македонија.

(2) Во постапката за проверка на стручните знаења и способности, странските државјани доктори на стоматологија треба да ги исполнат условите уредени со членовите 126, 127 и 128 од Законот за здравствена заштита на РМ.

Член 18

(1) Испитната комисија го одобрува полагањето на испитот за проверка на стручните знаења и способности ако утврди дека кандидатот ја доставил документацијата од член 17 од овој правилник.

(2) Известувањето за одобрување на полагање испит и за времето и местото на полагањето се доставува до кандидатот најмалку 15 дена пред денот определен за полагање на испитот. На ист начин се доставува и известувањето со кое на кандидатот не му се одобрува полагање на испитот во кое задолжително се наведуваат и причините за одбивањето.

(3) До Испитната комисија се доставува листа на идентификациони броеви на кандидатите кои го полагаат испитот.

Член 19

(1) Кандидатот го полага испитот во време и на место кое го определува Испитната комисија.

(2) На барање на кандидатот испитот може да се одложи поради оправдани причини (болест, породилно отсуство и повик од надлежни органи).

Член 20

(1) Испитот се состои од писмен и практичен дел.

(2) Писмен дел од испитот се спроведува со прашања со избор на точен/неточен одговор од предложените преку писмен метод.

(3) Практичниот дел од испитот се спроведува со практична проверка на вештини.

Член 21

(1) Во текот на испитот за проверка на знаењата се води записник.

(2) Образецот на записникот од став 1 на овој член е даден во прилог бр. 2 и е составен дел на овој правилник.

Член 22

(1) Испитот се смета за положен ако Испитната комисија оценила дека кандидатот ги положил двата дела. За секој дел од испитот којшто кандидатот не би го положил плаќа 30% од висината на износот за испитот за проверка на стручните знаења.

(2) По завршувањето на испитот претседателот на Испитната комисија во присуство на кандидатот известува за резултатот од проверката на стручните знаења и способности.

Член 23

Кандидатот кој не ја поминал проверката на стручните знаења и способности може повторно да го полага испитот во рок не подолг од шест месеци, но не порано од два месеца.

Член 24

На кандидатот кој го положил испитот за проверка на стручните знаења и способности му се издава уверение со содржина на образец утврдени во член 15 од овој правилник за положен испит за проверка на стручните знаења и способности.

Член 25

Стоматолошката комора на Македонија води евиденција за полагањето и резултатите од испитите за проверка на стручните знаења и способности и за издадените уверенија.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 26

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за програмата за дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности на докторите на стоматологија за стекнување со лиценца за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/06).

2) Постапките за полагање на стручен испит кои се отпочнати пред донесувањето на овој правилник, ќе се довршат согласно одредбите на Правилникот за програмата за дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности на докторите на стоматологија за стекнување со лиценца за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/06).

Член 27

(1) Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ и ќе се објави по добивањето согласност од министерот за здравство.

(2) Овој правилник ќе се објави и во гласилото на Комората и на интернет страницата на Комората.

Стоматолошка комора
на Македонија
Претседател,
**проф. д-р Владимир Поповски**, с.р.
Собрание на Стоматолошка комора
на Македонија,
Претседател,
**д-р Круме Чесноски**, с.р.

**Прилог бр. 1**

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

Dental Chamber of Macedonia

Антон Попов бр1 Скопје; тел/факс: 02 3246 851/ 3 246 852

БАРАЊЕ ЗА ОБУКА И ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊА

Од________________________________________________________________

Ул. ____________________________________ бр.________место____________________,

Контакт телефон бр. (домашен/мобилен) и меил-адреса______________________________

До Стоматолошка комора на Македонија се пријавувам за полагање на стручен испит во ___________ испитен рок.

Испитот го полагам (првпат, второпат) _______________________

Делот (обука/испит) од испитот го полагам повторно.

Кон пријавата доставувам и документација согласно:

-Правилникот за начинот на издавање, продолжување,обновување и одземање на лиценцата за работа и Правилникот за програмата за дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности на докторите на стоматологија за стекнување со лиценца за работа

-Уплатница за обуката и проверката на стручни знаења и за надомест на ординација каде се спроведува обуката, на жиро - сметка на Стоматолошка комора на Република Македонија (300000000477179 АД Комерцијална банка - Скопје), согласно Правилникот за висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците на СКМ.

**Стоматолошката комора на Македонија обезбедува организациски мерки за тајност и заштита на личните податоци**

_________________год. ___________________________

Скопје Потпис на подносителот на пријавата